СЛУЖБ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 21 мај 1970
БЕЛГРАД
БРОЈ 22 ГОД. XXVI

Цена на овој број е 3,00 динари. — Аконтација на претплата за 1970 година изнесува 130 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1. Пошт. фах. 226. — Телефони: централа 50-931, 50-932 50-933 и 50-934. Служба за претплата 51-732: Продавна служба 51-671

261.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА ГАРАНЦИЈА ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата за гаранција помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој, што го усвои Сојузната скупштина, на седниците на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година.

ПР бр. 899
14 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

З А К О Н

ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА ГАРАНЦИЈА ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Член 1

Се ратификува Спогодбата за гаранција помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој, потпишана во Вашингтон на 20 јануари 1970 година во оригинал на англиски јазик.

Член 2

Текстот на Спогодбата за гаранција помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој, на англиски јазик и во превод гласи:

GUARANTEE AGREEMENT

AGREEMENT, DATED FEBRUARY 20, 1970, BETWEEN SOCIALIST FEDERAL REPUBLIC OF YUGOSLAVIA (HEREINAFTER CALLED THE GUARANTOR) AND INTERNATIONAL BANK FOR RECONSTRUCTION AND DEVELOPMENT (HEREINAFTER CALLED THE BANK)

Whereas by the Loan Agreement of even date herewith between the Bank and Yugoslav Investment Bank (hereinafter called the Borrower) the Bank has agreed to make to the Borrower a loan in various currencies equivalent to forty million dollars

СПОГОДБА ЗА ГАРАНЦИЈА

СПОГОДБА ОД 20 ФЕВРУАРИ 1970 ГОДИНА ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА (ВО НАТАМОШНИОТ ТЕКСТ: ГАРАНТОТ) И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (ВО НАТАМОШНИОТ ТЕКСТ: БАНКАТА)

Бидејќи со Спогодбата за заем датирана на ист датум како и оваа спогодба помеѓу Банката и Југословенската инвестициона банка (во натамошниот текст: корисникот на заемот) Банката се согласи на корисникот на заемот да му даде заем во разни

($ 40,000,000), on the terms and conditions set forth in the Loan Agreement, but only on condition that the Guarantor agree to guarantee the obligations of the Borrower in respect of such loan as hereinafter provided; and

Whereas the Guarantor, in consideration of the Bank's entering into the Loan Agreement with the Borrower, has agreed so to guarantee such obligations of the Borrower;

Now therefore the parties hereto hereby agree as follows:

Article I

Section 1.01. The parties to this Guarantee Agreement accept all the provisions of the General Conditions Applicable to Loan and Guarantee Agreements of the Bank dated January 31, 1969, with the same force and effect as if they were fully set forth herein, subject, however, to the modifications thereof set forth in Section 1.01 of the Loan Agreement (said General Conditions Applicable to Loan and Guarantee Agreements, as so modified, being hereinafter called the General Conditions).

Section 1.02. Wherever used in this Guarantee Agreement, unless the context otherwise requires, the several terms defined in the General Conditions and in Section 1.02 of the Loan Agreement have the respective meanings therein set forth.

Article II

Section 2.01. Without limitation or restriction upon any of its other obligations under this Guarantee Agreement, the Guarantor hereby unconditionally guarantees, as primary obligor and not as surety merely, the due and punctual payment of the principal of, and interest and other charges on, the Loan and the Bonds, the premium, if any, on the prepayment of the Loan or the redemption of the Bonds prior to their maturity, all as set forth in the Loan Agreement and in the Bonds.

Article III

Section 3.01. It is the mutual intention of the Guarantor and the Bank that no other external debt shall enjoy any priority over the Loan by way of a lien on governmental assets. To that end, the Guarantor undertakes that, except as the Bank shall otherwise agree, if any lien shall be created on any assets of the Guarantor as security for any external debt, such lien will *ipso facto* equally and ratably secure the payment of the principal of, and interest and other charges on, the Loan and the Bonds, and that in the creation of any such lien express provision will be made to that effect; provided, however, that the foregoing provisions of this Section shall not apply to: (i) any lien created on property, at the time of purchase thereof, solely as security for the payment of the purchase price of such property; or (ii) any lien arising in the ordinary course of banking transactions to secure a debt maturing not more than one year after its date.

The term "assets of the Guarantor" as used in this Section includes assets of the Guarantor or of any agency of the Guarantor including assets of the National Bank of Yugoslavia or any other institution performing the functions of a central bank for the Guarantor.

If any lien shall be created on any assets of any of the Guarantor's political subdivisions or of any agency of any such political subdivisions as security for any external debt, the Guarantor, except as the Bank shall otherwise agree, shall give to the Bank an equivalent lien to secure the payment of the principal of, and interest and other charges on, the Loan and the Bonds.

валути во противвредност од четириесет милиони долари ($ 40,000.000), под условите изложени во Спогодбата за заем, но само под услов гарантот да се согласи да ги гарантира обврските на корисникот на заемот во однос на таквиот заем, како што е предвидено во натамошниот текст; и

бидејќи гарантот, со оглед на тоа дека Банката влегува во Спогодбата за заем со корисникот на заемот, се согласи да ги гарантира таквите обврски на корисникот на заемот;

поради тоа страните во оваа спогодба се спогодија за следното:

Член 1

Оддел 1.01. Страните во оваа Спогодба за гаранција ги прифаќаат сите одредби на Општите услови на Банката што се применуваат врз спогодбите за заем и спогодбите за гаранција од 31 јануари 1969 година, со иста сила и оперативност како да се изложени овде во целост, но подложни на измените наведени во одделот 1.01 на Спогодбата за заем (споменатите Општи услови што се применуваат врз спогодбите за заем и спогодбите за гаранција, така изменети во натамошниот текст се наречуваат Општи услови).

Оддел 1.02. Секаде каде што во оваа Спогодба за гаранција ќе се употребат некои изрази за кои е дадена дефиниција во Општите услови и во одделот 1.02 на Спогодбата за заем, доколку контекстот не бара поинаку, тие ги имаат соодветните значења што се наведени во нив.

Член 2

Оддел 2.01. Не ограничувајќи ја или стеснувајќи која и да било друга своја обврска по оваа Спогодба за гаранција, гарантот со ова безусловно гарантира, како прв обврзник, а не само како жирант, за навремено и точно плаќање на главницата, каматата и другите трошоци по заемот и обврзниците, на премијата, ако ја има, на отплатата на заемот пред рокот или на откупот на обврзниците пред нивното втасување, сé како што е наведено во Спогодбата за заемот и во обврзниците.

Член 3

Оддел 3.01. Обострана намера на гарантот и Банката е ниту еден друг странски долг да не ужива никаков приоритет во однос на заемот по пат на залог врз владиниот имот. За таа цел, гарантот се обврзува дека, освен ако Банката поинаку не се спогоди, доколку каков и да било залог биде ставен на кој и да било имот на гарантот како обезбедување за кој и да било долг спрема странство, таквиот залог ipso facto подеднакво и сразмерно ќе обезбедува плаќање на главницата, каматата и на другите трошоци по заемот и обврзниците и дека при ставањето на таквиот залог во таа смисла ќе биде предвидена изречна одредба; но под услов претходните одредби на овој оддел да не се применуваат врз: (i) каков и да било залог ставен врз имотот во време на неговото купување, само како обезбедување за плаќање на куповната цена на таквиот имот; или (ii) каков и да било залог кој произлегува од редовните банкарски трансакции со цел за обезбедување на долгот кој втасува најдоцна една година по датумот што го носи.

Изразот „имот на гарантот" како што е употребен во овој оддел, го опфаќа имотот на гарантот или на која и да било агенција на гарантот, вклучувајќи го имотот на Народната банка на Југославија или на која и да било друга установа која за гарантот ги врши функциите на централна банка.

Ако каков и да било залог биде ставен врз кој и да било имот на некоја пониска политичка заедница на гарантот или на некоја агенција на таква пониска политичка единица како обезбедување за кој и да било долг спрема странство, гарантот, освен ако Банката поинаку не се спогоди, ќе ѝ даде на Банката еквивалентен залог со цел да се обезбеди плаќање на главницата, каматата и другите трошоци по заемот и обврзниците.

Section 3.02. (a) The Guarantor and the Bank shall cooperate fully to assure that the purposes of the Loan will be accomplished. To that end, each of them shall furnish to the other all such information as it shall reasonably request with regard to the general status of the Loan. On the part of the Guarantor, such information shall include information with respect to financial and economic conditions in the territories of the Guarantor and the international balance of payments position of the Guarantor.

(b) The Guarantor and the Bank shall from time to time exchange views through their representatives with regard to matters relating to the purposes of the Loan and the maintenance of the service thereof. The Guarantor shall promptly inform the Bank on any condition which interferes with, or threatens to interfere with, the accomplishment of the purposes of the Loan or the maintenance of the service thereof.

(c) The Guarantor shall afford all reasonable opportunity for accredited representatives of the Bank to visit any part of the territories of the Guarantor for purposes related to the Loan.

Section 3.03. The principal of, and interest and other charges on, the Loan and the Bonds shall be paid without deduction for, and free from, any taxes, and free from all restrictions, imposed under the laws of the Guarantor, provided, however, that the provisions of this Section shall not apply to taxation of payments under any Bond to a holder thereof other than the Bank when such Bond is beneficially owned by an individual or corporate resident of the Guarantor.

Section 3.04. This Guarantee Agreement, the Loan Agreement and the Bonds shall be free from any taxes that shall be imposed under the laws of the Guarantor on or in connection with the execution, issue, delivery or registration thereof.

Section 3.05. The Guarantor covenants that it will not take, or cause or permit to be taken any action which would prevent or interfere with the performance by the Borrower, the CYPTT and the PTT Enterprises of any of the respective covenants, agreements and obligations of the Borrower, the CYPTT and the PTT Enterprises in the Loan Agreement, the Subsidiary Loan Agreements and the Project Agreement contained and will take or cause to be taken all reasonable action necessary or appropriate to enable the Borrower, the CYPTT and the PTT Enterprises to perform such covenants, agreements and obligations.

Article IV

Section 4.01. The Guarantor shall endorse, in accordance with the provisions of the General Conditions, its guarantee on the Bonds to be executed and delivered by the Borrower. The Federal Secretary of Finance of the Guarantor and such other person or persons as he shall appoint in writing are designated as authorized representatives of the Guarantor for the purposes of Section 8.10 of the General Conditions.

Article V

Section 5.01. The Federal Secretary of Finance of the Guarantor is designated as representative of the Guarantor for the purposes of Section 10.03 of the General Conditions.

Оддел 3.02. (а) Гарантот и Банката во полна мера ќе соработуваат за да се обезбеди остварување на целите на заемот. За таа цел, секој од нив ќе му достави на другиот известувања што тој разумно ќе ги побара во поглед на општата состојба на заемот. Од страна на гарантот таквите известувања ги опфаќаат известувањата што се однесуваат на финансиските и економските услови на териториите на гарантот и на состојбата на меѓународниот платен биланс на гарантот.

(б) Гарантот и Банката одвреме-навреме преку своите претставници ќе разменуваат мислења за прашањата што се однесуваат на целите на заемот и на одржувањето на службата по тој заем. Гарантот веднаш ќе ја известува Банката за секоја ситуација која го попречува или се заканува да го попречува остварувањето на целите на заемот или одржувањето на службата по заемот.

(ц) Гарантот ќе им даде на овластените претставници на Банката секоја разумна можност да го посетат кој и да било дел од територијата на гарантот за целите сврзани за заемот.

Оддел 3.03. Главницата, каматата и другите трошоци по заемот и обврзниците ќе бидат платени без одбивање и ослободени од сите даноци како и слободни од сите рестрикции предвидени по законите на гарантот, но под услов одредбите на овој оддел да не се применуваат врз одаочување на плаќањата по обврзницата на нејзиниот сопственик кој не е Банката, кога таквата обврзница ја има поединец или корпорација резидент на гарантот кои имаат право на уживање на користите од обврзницата.

Оддел 3.04. Оваа Спогодба за гаранција, Спогодбата за заем и обврзниците ќе бидат ослободени од сите даноци предвидени по законите на гарантот за или во врска со нивното извршување, издавање, доставување или регистрирање.

Оддел 3.05. Гарантот се обврзува дека нема да презема, или да се погрижи или да допушти да биде преземена која и да било акција од која би биле спречени или попречувани корисникот на заемот, ЗЈПТТ и птт претпријатија да извршат кои и да било од односните одредби на Спогодбата и од обврските на корисникот на заемот, ЗЈПТТ и птт претпријатија, што се содржани во Спогодбата за заем, во договорите за инвестиционен кредит и во Спогодбата за проектот и ќе презема или ќе се погрижи да биде преземена секоја разумна акција потребна или соодветна, за да им се овозможи на корисникот на заемот, на ЗЈПТТ и на птт претпријатија да ги извршат таквите одредби, спогодби и обврски.

Член 4

Оддел 4.01. Гарантот во согласност со одредбите на Општите услови ќе ја индосира својата гаранција на обврзниците што треба да бидат испоставени и предадени од страна на корисникот на заемот. Сојузниот секретар за финансии на гарантот и такво друго лице, или лица, што тој писмено ќе ги именува се одредуваат во својство на овластени претставници на гарантот за целите на одделот 8.10 на Општите услови.

Член 5

Оддел 5.01. Сојузниот секретар за финансии на гарантот се одредува во својство на претставник на гарантот за целите на одделот 10.03 на Општите услови.

Section 5.02. The following addresses are specified for the purposes of Section 10.01 of the General Conditions:

For the Guarantor:

Savezni Sekretarijat za finansije
Prvi bulevar 104
Beograd, Yugoslavia
Alternative address for cables:
Savezni Sekretarijat za finansije
Prvi bulevar 104
Beograd, Yugoslavia

For the Bank:

International Bank for
Reconstruction and Development
1818 H Street, N.W.
Washington, D.C. 20433
United States of America
Alternative address for cables:
Intbafrad
Washington, D.C.

In witness whereof, the parties hereto, acting through their representatives thereunto duly authorized, have caused this Guarantee Agreement to be signed in their respective names and delivered in the Distric of Columbia, United States of America, as of the day and year first above written.

Socialist Federal Republic
of Yugoslavia,
By **Bogdan Crnobrnja** (s.)
Authorized Representative

International Bank for
Reconstruction and Development
By **J. Burke Knapp** (s.)
Vice president

Оддел 5.02. Следните адреси се предвидуваат за целите на одделот 10.01 на Општите услови:

За гарантот:

Сојузен секретаријат за финансии
Први булевар 104
Белград, Југославија
Алтернативна адреса за телеграми:
Сојузен секретаријат за финансии
Први булевар 104
Белград, Југославија

За Банката:

International Bank for Reconstruction and Development
1818 H Street, N. W.
Washington, D. C. 20433
United States of America
Алтернативна адреса за телеграми:
Washington, D. C.

Во потврда на што страните во оваа спогодба, истапувајќи преку своите за тоа уредно овластени претставници, се потрижија оваа Спогодба за гаранција да биде потпишана од нивното име и издадена во Дистриктот Колумбија, Соединети Американски Држави, на денот и годината означени во почетокот.

Социјалистичка Федеративна
Република Југославија
Богдан Црнобриња, с. р.

Меѓународна банка за обнова
и развој
Потпретседател,
J. Burke Knapp, с. р.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

262.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕРКИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕТСМЕТКАТА НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1970 ГОДИНА

Се прогласува Законот за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Советот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година.

ПР бр. 901
14 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната Скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

З А К О Н

ЗА МЕРКИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕТСМЕТКАТА НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРЕЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1970 ГОДИНА

Член 1

Обврските на федерацијата во областа на инвестициите во стопанството, утврдени со сојузни прописи, во 1970 година ќе се извршуваат во согласност со Резолуцијата за економската политика и мерките за натамошна реализација на Општествениот план на развојот на Југославија од 1966 до 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/68), а во износите утврдени со Претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година (во понатамошниот текст: Претсметката).

Член 2

За извршување на обврските предвидени со Претсметката, покрај средствата од приходите на федерацијата определени со други сојузни прописи, ќе се употребат и средствата определени со овој закон.

Член 3

Заради обезбедување на средствата за извршување на обврските на федерацијата предвидени со Претсметката, Народната банка на Југославија ќе ѝ одобри на федерацијата бескаматен кредит до износот од 700 милиони динари од средствата на штедните влогови на Поштенската штедилница депонирани кај Народната банка на Југославија.

Кредитот од ставот 1 на овој член ќе се врати од средствата на федерацијата во периодот од 1971 до 1975 година, во пет еднакви годишни рати.

Се овластува сојузниот секретар за финансии, од името на федерацијата, да склучи договор за кредит со Народната банка на Југославија, во кој ќе се утврдат и динамиката на користењето и роковите на враќањето на користените средства по овој кредит.

Член 4

За извршување на обврските на федерацијата во 1970 година, по основ на нејзиното учество во кредитирањето на извозот на опрема и бродови и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит, предвидени во членот 1 став 2 точка 4 на Претсметката, Народната банка на Југославија ќе му одобри кредит во износ од 800 милиони динари на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи, а во рамките на вкупните средства за кредитирање на стопанството во 1970 година утврдени со мерките на кредитно-монетарната политика за таа година.

Каматната стапка по овој кредит е 4% годишно.

Кредитот одобрен според ставот 1 на овој член ќе се врати во еднакви годишни рати, во рок од три години, почнувајќи од 1971 година. Средствата за отплатување на овој кредит ќе му ги обезбеди федерацијата на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971, 1972 и 1973 година.

Договор за овој кредит ќе склучи со Народната банка на Југославија директорот на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи. Согласност на овој договор дава сојузниот секретар за финансии.

Член 5

За извршување на обврските на федерацијата во областа на инвестициите во стопанството ќе се употребат во 1970 година, во износите предвидени во Претсметката, и слободните средства на федерацијата што се наоѓаат на сметката кај Службата на општественото книговодство по основ на динарската противвредност на порано користените и отплатени странски кредити — во износ од 200 милиони динари, како и средствата на федерацијата на сметката кај Народната банка на Југославија по основ на динарската противвредност добиена од репарации — во износ од 30 милиони динари.

Член 6

Федерацијата обезбедува средства за покритие на зголемената камата за 1% годишно на средствата од штедните влогови на Поштенската штедилница кај Народната банка на Југославија во 1970 година и за покритие на разликата во каматата која настанува по основ на користење на кредити на федерацијата кај Народната банка на Југославија од штедните средства и каматата што крајните корисници ја плаќаат на кредитите од средствата на федерацијата.

Член 7

Заради извршување на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството до износот од 1 222 милиони динари федерацијата ќе им издаде обврзници на крајните корисници на средствата за инвестиции во стопанството, и тоа:

1) до износот од 726 милиони динари — на корисниците спрема кои извршувањето на обврските е одложено врз основа на членот 13 од Законот за насочување користењето на средствата на работните организации, општествените фондови и другите корисници на општествени средства во 1967 („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66);

2) до износот од 278 милиони динари — на корисниците со кои деловните банки не склучиле договор, до 31 декември 1969 година а со кои договорите ќе бидат склучени во 1970 година;

3) до износот од 218 милиони динари — на корисниците за дел на обврските предвидени во членот 3 под III точ. 1 до 5 под IV и V точка 1 на Претсметката.

Обврзниците на федерацијата од ставот 1 на овој член гласат на доносителот и носат камата од 8% годишно. Каматата се пресметува од датумот на издавањето на обврзниците до нивната амортизација. Издавањето на обврзниците почнува од 1 јули 1970 година.

Амортизацијата на овие обврзници во четири еднакви месечни рати, од кои првата втасува на 31 март 1971 година, ќе се изврши од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година.

Се овластува сојузниот секретар за финансии да ги пропише со упатство содржината, формата и апоените на обврзниците и начинот на нивното издавање и амортизација.

Работите на издавањето и исплатата на овие обврзници ги врши Народната банка на Југославија, за што сојузниот секретар за финансии ќе склучи договор со Народната банка на Југославија. Трошоците на издавањето на обврзниците ќе се намират од средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1971 година.

Член 8

За извршување на дел од учеството на федерацијата за кредитирање на изградбата на капацитети за производство на нафта, природен гас и цемент, утврдено во Законот за учество на федерацијата во кредитирањето на изградбата на капацитети за производство на нафта, природен гас и цемент („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), ќе се употребат динарски средства до износ од 218 милиони динари.

Одлука за распоредот на средствата од ставот 1 на овој член ќе донесе Сојузниот извршен совет.

Ако за останатиот дел од учеството на федерацијата во кредитирањето на изградбата на капацитети за производството на нафта, природен гас и цемент — до износот од 438,6 милиони динари, средствата за обврските што втасуваат во 1970 година не бидат обезбедени во целост или делумно во 1970 година од странски кредити, за износот на средствата што недостигаат федерацијата ќе им издаде обврзници на инвеститорите на начинот и под условите што се определени во членот 7 на овој закон.

Член 9

Ако не бидат доволни во 1970 година средствата од 125 милиони динари, предвидени во Законот за издвојување дел од приходите од сојузен данок на промет и од царини во корист на сметката на федерацијата за инвестиции во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/67 и 5/69) за исплатување на наголемената додатна камата според членот 9 став 5 од Законот за определување на поништи интересни стопи и за давање надоместок на интересот и додатен интерес на определените кредити на товар на средствата на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66, 17/67, 42/67, 24/68 и 5/69), а кои со Претсметката се распоредени како обврска на федерацијата, за износот на средствата што недостигаат за исплатување на оваа камата федерацијата ќе им издаде обврзници на деловните банки или други работни организации што се здобиле со право на оваа камата, на начинот и под условите што се определени во членот 7 на овој закон.

Член 10

Се овластува сојузниот секретар за финансии, во рамките на вкупните средства и обврски предвидени во Претсметката и во овој закон, а со цел за што порационално користење на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството, во спогодба со деловните банки со кои федерацијата има договори за извршување обврски за инвестиции во стопанството, да може да врши усогласување на динамиката на извршувањето на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството со дина-

миката на приливот на средствата на федерацијата во 1970 година.

Член 11

За остварувањето и користењето на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1969 и 1970 година се составува годишна завршна сметка.

Предлог на годишна завршна сметка ѝ поднесува на Сојузната скупштина Сојузниот извршен совет.

Предлогот на завршната сметка за 1969 година ѝ се поднесува на Сојузната скупштина до 31 август 1970 година, а предлогот на завршната сметка за 1970 година се поднесува во рокот пропишан за поднесување на завршната сметка за извршувањето на сојузниот буџет.

Сојузниот извршен совет го пропишува начинот за составување на годишната завршна сметка за остварувањето и користењето на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството и го определува органот што ќе ја состави таа завршна сметка.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1970 година.

263.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТХОДНО ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ ПРИХОДИ ОД СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ТУТУНСКИ ПРЕРАБОТКИ ВО КОРИСТ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1970 ГОДИНА

Се прогласува Законот за претходно издвојување дел од зголемените приходи од сојузниот данок на промет на тутунски преработки во корист на сојузниот буџет за 1970 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година.

ПР бр. 905
14 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

З А К О Н

ЗА ПРЕТХОДНО ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ ПРИХОДИ ОД СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ТУТУНСКИ ПРЕРАБОТКИ ВО КОРИСТ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1970 ГОДИНА

Член 1

Делот на зголемените приходи од сојузниот данок на промет на тутунски преработки, кој врз основа на Законот за измени и дополненија на Законот за Тарифата на сојузниот данок на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/70) ќе биде остварен до крајот на 1970 година, ќе се распоредува во корист на сојузниот буџет за 1970 година.

Член 2

Издвојувањето на делот на зголемените приходи од членот 1 на овој закон ќе се врши на тој начин што од вкупно наплатениот сојузен данок на промет на тутунски преработки, покрај издвојувањето во корист на сметката на федерацијата за инвестиции во стопанството, претходно ќе се издвојуваат уште и 10% во корист на сојузниот буџет за 1970 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

264.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД СОЈУЗЕН ДАНОК НА ПРОМЕТ И ОД ЦАРИНИ ВО КОРИСТ НА СМЕТКАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за измени на Законот за издвојување дел од приходите од сојузен данок на промет и од царини во корист на сметката на федерацијата за инвестиции во стопанството, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година

ПР бр. 903
14 мај 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД СОЈУЗЕН ДАНОК НА ПРОМЕТ И ОД ЦАРИНИ ВО КОРИСТ НА СМЕТКАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Во Законот за издвојување дел од приходите од сојузен данок на промет и од царини во корист на сметката на федерацијата за инвестиции во стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/67 и 5/69), во членот 2 процентот: „23%" се заменува со процентот: „30%".

Член 2

Во членот 3 став 2 точка 4 бројот: „115" се заменува со бројот: „356".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

265.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1970 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за извршување на сојузниот буџет за 1970 година,

што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 12 мај 1970 година.

ПР бр. 906
14 мај 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1970 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на сојузниот буџет за 1970 година („Службен лист на СФРЈ“ бр. 56/69 и 15/70) во членот 10 по зборот: „шумарството“ се брише запирката и се додаваат зборовите: „и за рото-хартија од домашно производство што се употребува за политичко-информативниот печат.“.

Член 2

Се овластува Сојузниот извршен совет да пропише мерила според кои ќе се утврдува кои весници и други публикации се сметаат како политичко-информативен печат.

На регрес за рото-хартија имаат право новинско-издавачките претпријатија и тој се исплатува од средствата на сојузниот буџет за 1970 година.

Сојузниот извршен совет ќе определи од кои средства предвидени за посебни намени во сојузниот буџет ќе се исплатува регресот за рото-хартија, до утврдувањето на посебна позиција за оваа намена во сојузниот буџет за 1970 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

266.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за измена на Законот за Царинската тарифа, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година.

ПР бр. 900
14 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Царинската тарифа, која е составен дел на Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69 и 52/69), во тар. бр. 25.23 точка 1 одредбата под а) се менува и гласи:

„а) обичен — 10 и 0,0475 динари по 1 килограм“.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

267.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ДЕВИЗНИ КВОТИ ЗА УВОЗ НА ОПРЕМА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО 1970 ГОДИНА

Се прогласува Законот за посебните девизни квоти за увоз на опрема за определени намени во 1970 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година.

ПР бр. 904
14 мај 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПОСЕБНИТЕ ДЕВИЗНИ КВОТИ ЗА УВОЗ НА ОПРЕМА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО 1970 ГОДИНА

Член 1

Посебните девизни квоти утврдени со овој закон се однесуваат на увозот на опрема која се плаќа во девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, и тоа на:

1) опрема за која се обезбедуваат средства од Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта;

2) опрема за потребите на Југословенската народна армија;

3) опрема за Радио-телевизија, Титоград;

4) опрема за потребите на научните установи.

Член 2

Посебните девизни квоти утврдени со овој закон претставуваат највисоки износи до кои можат:

1) да се вршат плаќања во врска со увозот на опрема купена на кредит (аванси и меѓуплаќања) и плаќања по увозот на опрема купена за готово (во понатамошниот текст: готовинската квота);

2) да се создаваат обврски во странство во врска со увозот на опрема на кредит (во понатамошниот текст: кредитната квота).

Член 3

Посебните девизни квоти утврдени со овој закон за 1970 година изнесуваат вкупно противвредност од 284,700.000 динари, од што вкупната готовинска квота изнесува 262,850.000 динари, а вкупната кредитна квота 21,850.000 динари.

Член 4

Посебната готовинска квота за увоз на опрема за која се обезбедуваат средства од Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта (член 1 точка 1) изнесува противвредност од 122,700.000 динари.

Посебната девизна квота од ставот 1 на овој член ја распоредува управниот одбор на Фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта и ѝ ја става на располагање на овластената банка што ќе ја определи републиката односно автономната покраина.

Член 5

За плаќањата во готово според членот 4 на овој закон, Народната банка на Југославија ќе ѝ продава девизи на овластената банка до износот на готовинската квота од членот 4 став 1 на овој закон.

Член 6

Од девизите што ѝ припаѓаат според членот 16 на Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69 и 55/69) и од девизите што може да ги купи од банката до износот на определениот дел од средствата на амортизацијата на опремата според членот 28 на тој закон, работната организација која користи увезена опрема за која се извршени готовински плаќања со девизите обезбедени според членот 5 на овој закон е должна да ѝ продаде на Народната банка на Југославија во височина на извршените готовински плаќања, и тоа:

1) девизи користени за плаќање на опрема купена во странство за готово — во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон;

2) девизи користени за плаќање по увозот на опрема на кредит (аванси и меѓуплаќања) — сразмерно на обврските по странскиот кредит и во роковите на втасаноста на обврските по странскиот кредит (отплати и камати).

Член 7

Посебната готовинска девизна квота за увоз на опрема за потребите на Југословенската народна армија (член 1 точка 2) изнесува противвредност од 94,800.000 динари.

Квотата од ставот 1 на овој член ја распоредува на установите и претпријатијата државниот секретар за народна одбрана.

Член 8

Девизи за плаќања во готово до износот на готовинската квота од членот 7 став 1 на овој закон Народната банка на Југославија ќе им продава на установите и претпријатијата на кои им е распоредена квотата.

Член 9

Посебната девизна квота за увоз на опрема за Радио-телевизија, Титоград (член 1 точка 3) изнесува противвредност од 4,700.000 динари, од што готовинската квота 1,600.000 динари, а кредитната квота 3,100.000 динари.

Член 10

Девизи за плаќање во готово до износот на готовинската квота од членот 9 на овој закон Народната банка на Југославија ќе ѝ продава на Радио-телевизија, Титоград.

Девизи за намирување на обврските по странски кредити во границите на кредитната квота од членот 9 на овој закон Народната банка на Југославија ќе ѝ продава на Радио-телевизија, Титоград во роковите на втасувањето на странските обврски.

Член 11

Посебната девизна квота за увоз на опрема за потребите на научните установи (член 1 точка 4) изнесува противвредност од 62,500.000 динари, од што готовинската квота 43,750.000 динари, а кредитната квота 18,750.000 динари.

Посебната девизна квота од ставот 1 на овој член ја распоредува управниот одбор на Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности.

Член 12

За плаќање во готово според членот 11 од овој закон, Народната банка на Југославија ќе им продава девизи на научните установи до износот на готовинската квота од членот 11 став 1 на овој закон.

Девизи за намирување на обврските по странски кредити за увоз на опрема во границите на кредитната квота од членот 11 став 1 на овој закон Народната банка на Југославија, во роковите на втасувањето на обврските ќе им продава на научните установи што ја користат опремата.

Член 13

Странските кредити и гаранциите по странските кредити за увоз на опрема во границите на посебните девизни квоти според овој закон, не се засметуваат во износот определен со посебни сојузни прописи до кој овластените банки можат да користат странски кредити и да даваат гаранции по кредитни работи со странство.

За задолжувањата на овластените банки за увоз на опрема на кредит во границите на посебните девизни квоти според овој закон, како и за гаранциите што овластените банки ги даваат за кредитни работи со странство за увоз на опрема во границите на посебните девизни квоти според овој закон, овластените банки не се должни да држат неангажиран дел на девизи според членот 18 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66).

Член 14

Народната банка на Југославија дава упатства за начинот на поднесувањето на барањата за купување девизи и на барањата за користење кредити според овој закон, како и за водење евиденција и за извештаите што корисниците на квотата и овластените банки се должни да ѝ ги доставуваат на Народната банка на Југославија во врска со користењето на квотите, со обврската за продавање девизи на Народната банка на Југославија и со обврската на корисниците за намирување на обврските според овој закон.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а важи една година од денот на влегувањето во сила.

268.

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со членот 5 став 1 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1970 година, Сојузната-скупштина, на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство, на седницата на Соборот на народите од 24 април 1970 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 12 мај 1970 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГРАМАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1970 ГОДИНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСТВОТО

1. Средствата за унапредување на водостопанството, предвидени во разделот 13 позиција 190,

распоредна група 16-2-21 на сојузниот буџет за 1970 година, можат да се користат до износот од 3,034.000,00 динари за намени од Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1970 година за унапредување на водостопанството (во натамошниот текст: Програмата), која е составен дел од оваа одлука

2. Сојузниот секретаријат за стопанство, како носител на средствата од точката 1 на оваа одлука, ќе договара извршување на задачите од позициите 1 до 4 на Програмата со непосредни извршувачи.

По исклучок од ставот 1 на оваа точка средствата предвидени за задачите од позицијата 3 на Програмата ќе се исплатуваат непосредно врз основа на решението на носителот на средствата.

3. Конечно пресметување на задачите во смисла на точката 2 од оваа одлука, по извршената работа, врши носителот на средствата.

4. Сојузниот секретаријат за стопанство ќе врши надзор над извршувањето на Програмата и над употребата на средствата предвидени со Програмата.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Сојузна скупштина

АС бр. 168
14 мај 1970 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Радомир Коматина, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

ПРОГРАМА

ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1970 ГОДИНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСТВОТО

Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1970 година за унапредување на водостопанството содржи продолжување на порано започнатите работи по обврските од Основниот закон за водите и обработка на актуелните економско-технички проблеми од интерес за федерацијата со цел за запознавање со современите достигања во водостопанството и со неговата модернизација заради поуспешно вклопување на водостопанските организации во стопанската реформа.

Средствата предвидени со програмата за спроведување на напред споменатите работи се распоредуваат по следните позиции:

Позиција	Видови работи	Средства во динари
1.	Работи по обврските од Основниот закон за водите	700.000
2.	Обработка на актуелните економско-технички проблеми од интерес за федерацијата со цел за унапредување на водостопанството	2,170.000
3.	Стручни советувања, стручна информативна дејност и консултирање на странски експерти по актуелните прашања од водостопанството	130.000
4.	Нераспоредени средства	34.000
	Вкупно	3,034.000

269.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман IX точка 1 став 2, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Стопанскиот собор од 13 мај 1970 година, донесе

ПРЕТСМЕТКА

НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1970 ГОДИНА

Член 1

Вкупните средства на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година се предвидуваат во износ од 11.467 милиони динари, од што:

	во милиони динари
1) средства од изворите утврдени со закон	7.514
2) слободни средства на сметката на федерацијата	230
3) средства од кредитите кај Народната банка на Југославија	1 500
4) средства по основ на издадени обврзници на федерацијата	1.222
5) средства од странски заеми	1.001
Вкупно	11.467

Средствата од ставот 1 на овој член за обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година се распоредуваат, и тоа:

	во милиони динари	
1) за отплатување на странски долгови		1.087
2) за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта		2.113
3) за учество на федерацијата во кредитирањето и финансирањето на инвестициите во стопанството		5.539
4) за учество на федерацијата во кредитирањето на извозот на опрема и бродови и за изведување инвестициони работи во странство на кредит		1.615
5) за други обврски		1.113
— за надомест на камата и на додатна камата	598	
— за надомест на камата по ревалоризацијата на штедни влогови	150	
— за наполемена додатна камата која се исплатува однапред на кредити дадени за изградба на објекти во областа на туризмот	125	
— за надомест на сојузниот буџет (за потребите на Југословенската народна армија)	240	
Вкупно		11.467

Член 2

Средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството од членот 1 на оваа претсметка се утврдуваат според изворите на средствата, во следните износи:

	во милиони динари
I. Средства од извориге утврдени со закон	
1) од камата на фондовите во стопанството	3.980
2) од сојузниот данок на промет и од царина	800
3) од сојузниот данок на промет на стоки на мало	32
4) од орочени средства при изградба на административните згради (40%)	30
5) од камата на краткорочни кредити	770
6) од отплати по кредити	1.595
7) од камата по кредити во отплата	27
8) од динарските депозити на федерацијата кај Народната банка на Југославија	250
9) други средства	30
Вкупно	7.514
II. Слободни средства на сметката на федерацијата	
Слободни средства на сметката на федерацијата	230
Вкупно	230
III. Средства од кредитите кај Народната банка на Југославија	
1) средства од кредитите — на Фондот за кредитирање и осигурување на определени извозни работи кај Народната банка на Југославија за извршување на дел од обврските за кредитирање на извозот на опрема и бродови и за изведување инвестициони работи во странство на кредит во 1970 година	800
2) средства од кредитите на федерацијата кај Народната банка на Југославија за извршување на дел од другите обврски на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1970 година	700
Вкупно	1.500
IV. Средства по основ на издадени обврзници на федерацијата	
Средства по основ на издадени обврзници на федерацијата	1.222
Вкупно	1.222
V. Средства од странски заеми	
Средства од странски заеми	1.001
Вкупно	1.001
Севкупно	11.467

Член 3

Средствата од членот 2 на оваа претсметка се распоредуваат на обврските на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година, и тоа:

	во милиони динари
I. За отплатување на странски заеми	
1) за отплатување на кредитот користен за изградба на сообраќајници	130
2) за отплатување на другите странски заеми преку Народната банка на Југославија	632
3) за отплатување на странски заеми за инвестиции во стопанството што се извршуваат преку Југословенската инвестициона банка	325
Вкупно	1.087
II. За учество на федерацијата во кредитирањето на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта	
За учество на федерацијата во кредитирањето на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта	2.113
Вкупно	**2.113**
III. За учество на федерацијата во кредитирањето и финансирањето на инвестициите во стопанството	
1) преку Југословенската инвестициона банка	4.134
2) преку Југословенската земјоделска банка	933
3) за мелиорации	296
4) за ремонт на пругата Скопје—Гевгелија	36
5) Воен сервис кај Народната банка на Југославија	58
6) за потесната програма за модернизација на Југословенските железници	80
Вкупно	**5.539**

	во милиони динари
IV. За учество на федерацијата во кредитирањето на извозот на опрема и бродови и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит	
За учество на федерацијата во кредитирањето на извозот на опрема и бродови и за изведување на инвестициони работи во странство на кредит	1.615
Вкупно	1.615
V. За други обврски	
1) за надомест на камата и на додатна камата	598
2) за надомест на камата по ревалоризација на штедни влогови	150
3) за наголемена додатна камата која се исплатува однапред на кредити дадени за изградба на објекти во областа на туризмот	125
4) за надомест на сојузниот буџет (за потребите на Југословенската народна армија)	240
Вкупно	1.113
Севкупно	11.467

Член 4

Мерките за извршување на оваа претсметка ќе се утврдат со посебен закон.

Сојузна скупштина

АС бр. 182
14 мај 1970 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
д-р **Васил Гривчев**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

270.

Врз основа на Уставниот амандман II точка 2 став 1 и IX став 3 алинеја 4, во врска со членот 83 ст. 2 и 4 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 12 мај 1970 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТОПАНСКО ПЛАНИРАЊЕ

1. Милован Марковиќ, заменик-генерален директор на Сојузниот завод за стопанско планирање, кој на оваа функција поминал четири години, се разрешува од оваа должност.

2. За заменик-генерален директор на Сојузниот завод за стопанско планирање се именува Вуко Меденица, досегашен директор во Сојузниот завод за стопанско планирање.

Сојузна скупштина

АС бр. 220
14 мај 1970 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Радомир Коматина, с. р.

Претседател
на Соборот
на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

271.

Врз основа на Уставниот амандман II точка 2 став 1 и IX став 3 алинеја 4, во врска со чл. 63 и 68 став 3 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 12 мај 1970 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОЈУЗЕН СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАЦИИ И ЗАМЕНИК — СОЈУЗЕН СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАЦИИ

1. За сојузен секретар за информации се именува Драгољуб Будимовски, досегашен главен и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија".

2. За заменик — сојузен секретар за информации се именува Лојзе Скок, досегашен помошник — секретар за информации во Сојузниот извршен совет.

Сојузна скупштина

АС бр. 221
14 мај 1970 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Радомир Коматина, с. р.

Претседател
на Соборот
на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

272.

Врз основа на Уставниот амандман IX став 3 алинеја 4, во врска со точката 7 од Одлуката за делокругот и организацијата на секретаријатот за законодавство, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на народите од 13 мај 1970 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 12 мај 1970 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

За секретар за законодавство се именува

д-р Растко Мочник, самостоен правен советник во Собранието на СР Словенија.

Сојузна скупштина

АС бр. 167
14 мај 1970 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
Маријан Брецељ, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот
собор,
Радомир Коматина, с. р.

Претседател
на Соборот
на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

273.

Врз основа на членот 109 став 1 од Законот за банките и кредитните работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 29/65, 4/66, 26/66, 1/67, 17/67, 54/67, 26/68, 50/68, 13/69, 42/69 и 55/69) и членот 2 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 47/66 и 55/68), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ НА ЛИЦАТА ШТО ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ОД ПОПЛАВАТА НА ТЕРИТОРИИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОПШТИНИ ВО СР БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

1. На лицата што во првото полугодие на 1970 година претрпеле штета од поплавата на територите на општините: Биелина, Босанска Дубица, Босанска Градишка, Босански Брод, Босански Шамац, Брчко, Оџак, Орашје на Сава, Србац, Бихаќ, Чаплина, Добој, Лакташи, Модрича, Приедор, Сански Мост и Теслиќ банките можат да им даваат потрошувачки кредити за купување на градежен материјал и за плаќање на градежни услуги за поправка на оштетените станбени и економски згради и за купување на опше видови мебел и предмети за домаќинство (освен автомобили и прехранбени производи) што се уништени, со рок за враќање до пет години.

Барателите на кредитите од ставот 1 на оваа точка се должни кон барањето за кредит да приложат потврда на надлежниот општински орган за височината и видот на штетата предизвикана со поплавата.

2. Потрошувачките кредити според оваа одлука можат да се дадат само еднаш, и тоа:

1) на работниците во редовен работен однос — до 1/3 од вкупниот нето личен доход за времето за кое се дава кредитот;

2) на пензионерите и инвалидите — до 1/3 од вкупниот износ на пензијата односно инвалиднината за времето за кое се дава кредитот;

3) на лицата на самостојни професии — до 1/3 од вкупниот износ на кој плаќаат придонес за социјално осигурување за времето за кое се дава кредитот;

4) на имателите на приватни занаетчиски дуќани — до 1/3 од основицата на која им е извршен разрез на придонесот од личниот доход од самостојно вршење на занаетчиски и други стопански дејности пресметано за времето за кое се дава кредитот;

5) на индивидуалните земјоделски производители — до 1/3 од основицата на која им е разрежан придонес од доходот од земјоделска дејност за изминатата година за времето за кое се дава кредитот.

Во поглед на можноста за добивање кредит, со лицата од одредбата под 1 на ставот 1 на оваа точка се изедначуваат југословенските државјани запослени во странство, ако банката оцени дека се кредитно способни.

Износот на потрошувачкиот кредит од точката 1 на оваа одлука не може да биде поголем од износот на проценетата штета предизвикана со поплавата односно од 20.000 динари по одделно домаќинство.

Како домаќинство, во смисла на оваа одлука, се подразбира заедница за живеење, стопанисување и трошење на остварените приходи.

3. Банката нема да го обусловува давањето на потрошувачкиот кредит според оваа одлука со полагање во готови пари на определен дел (процент) од износот на одобрениот кредит.

4. Потрошувачки кредит според оваа одлука може да му се даде и на лице на кое му припаѓа надоместок за претрпена штета по основ на осигурување кај осигурителниот завод, но само до височината на разликата помеѓу вкупниот износ на проценетата штета и вкупниот износ на надоместокот по основ на осигурување, ако надоместокот е помал од проценетата штета.

5. Потрошувачкиот кредит според оваа одлука може да се исплати во готови пари до 30% од износот на кредитот, а и во поголем износ — ако банката оцени дека барањето на барателот е оправдано. Остатокот на кредитот банката го исплатува во барирани чекови.

6. На лицата што претрпеле штета предизвикана од поплавата банката може да им го одложи отплатувањето на потрошувачките кредити добиени до 30 април 1970 година — до почетокот на рокот на отплатувањето на кредитите дадени според одредбите на оваа одлука.

7. Долгот по потрошувачките кредити дадени до 30 април 1970 година може да се спои со кредитот даден според оваа одлука, со тоа што износот на споениот кредит да може да ја премине границата од точката 2 на оваа одлука за износот на долгот по кредитот даден до 30 април 1970 година.

8. Отплатувањето на кредитот даден според оваа одлука односно по споениот кредит банката може да го договори со тоа што отплатувањето на кредитот да започне од 1 октомври 1970 година.

9. Барање за потрошувачки кредит според одредбите на оваа одлука може да ѝ се поднесе на банката до 31 јули 1970 година.

10. За давање потрошувачки кредити според оваа одлука Народната банка на Југославија ќе им одобри на деловните банки кредити врз основа на средствата на депозитот на Поштенската штедилница кај неа, и то со камата по стопа од 1,5% годишно, под услов деловната банка да не наплатува од корисникот на кредитот камата по стопа поголема од 2% годишно.

11. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 83
14 мај 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет
Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

274.

Врз основа на точката 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ КОНТИНГЕНТ И ПОНИСКИТЕ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА УВОЗ НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА 1970 ГОДИНА

1. На увозот на суровини и репродукциони материјали од подолу наведените тарифни броеви од-

носно ставови на Царинската тарифа за 1970 година наместо царинските стопи предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/70 и 22/70), ќе се применуваат следните царински стопи:

Тарифен број	Наименување	Царинска стопа
07.01/1	Компири, семенски до 2.000 тона	Сл.
26.01/10a	Руди хромови	1
27.04/1a	Кокс сиген	Сл.
27.10/3б	Авионски бензин, до 18.300 тона	1
32.05/3	Синтетички органски материи за бојосување, до 1.200 тона	8
37.02/1б	Филмови во ленти — ролни, осетливи на светлина, неекспонирани, дупчени или не, широчина 16 mm и 35 mm, освен позитив лентите црно-бели, до количината од 6,200.000 метра:	
	1) црно-бел	1
	2) колор	1
37.02/2	Двократно емулгирани филмови, до 700.000 m²	1
40.02/1	Синтетичен каучук, до 8.000 тона	1
40.02/2	Синтетичен латекс, до 3.150 тона	1
41.01/1	Говедски и коњски кожи, до 24.000 тона	1
41.01/2	Телешки кожи, до 1.100 тона	1
41.01/3	Овчи и јагнешки кожи со волна, до 6.000 тона	1
41.01/4	Овчи и јагнешки кожи без волна, до 5.000 тона	1
41.01/5	Козји и јарешки кожи, до 100 тона	1
41.01/6a	Свински сурови кожи, до 200 тона	1
41.02/1a	Телешки кожи делумно штавени, до 100 тона	2
41.02/2a - 1	Други говедски делумно штавени кожи, до 200 тона	2
41.05/3	Свински делумно штавени кожи, до 150 тона	3
47.01/3	Целулоза висококвалитетна, белена, до 13.000 тона	1
47.01/4-7	Каустична целулоза и сулфатна целулоза, сурова; каустична целулоза и сулфитна целулоза, белена, освен онаа од тар. број 47.01/3; целулоза бисулфитна, сурова и целулоза бисулфитна белена, освен онаа од тар. број 47.01/3, до 60.000 тона	1
53.01/1	Волна масна или прана на плеќите, од овци или јагниња, невлачена и нечешлана до 30 микрони, база неперана, до 22.000 тона	1
53.05/1	Волна и длака влачена или чешлана, од овци или јагниња, освен чешланата од точката 2 и грубата волна над 30 микрони, до 150 тона	1
57.02/1	Влакна од манила, до 500 тона	1
59.17/2a и б	Авто-корд од синтетични предива (како ткаенина), импрегниран и неимпрегниран, до 1.800 тона	1
73.02/2д	Фероволфрам, до 225 тона	1
73.02.2s	Феробор, до 20 тона	1
73.02/2и	Фероникел, до 325 тона	1
73.02.2j	Фероалумуниум, до 50 тона	1
73.02/1	Други феро-легури:	
	— феровиобтантал, до 20 тона	1
	— цирконсилициум, до 60 тона	1
75.01/3	Никел необработен, до 600 тона	1
82.05/3б	Дијамантни дискови, до 1.000 парчиња во вредност до 200.000 долари	1
84.11/2	Компресори за фрижидери, до 700.000 парчиња	13
85.20/2	Спирали за сијалици	12
85.20/4	Подножја за сијалици од сите видови и за флуоресцентни цевки	12
85.20/6	Друго (електроди за сијалици и VFT фокуси за живини сијалици)	12
92.12/2	Магнетофонски ленти за потребите на филмот, радиото и телевизијата	16

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-4943
28 април 1970 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

275.

Врз основа на точката 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА СТОКИТЕ ЗА КОИ Е ПРЕДВИДЕН ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ

1. Во Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надодредбата: „1) За патнички автомобили 35".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-6356/1
29 април 1970 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

276.

Врз основа на точката 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69 и 31/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТОПИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ УВЕЗУВААТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ ВО 1970 ГОДИНА

1. На производите наведени во ова решение што се увезуваат за потребите на производителите на патнички автомобили по основ на склучени дого-

вори за долгорочна производствена кооперација со странски фирми, во 1970 година наместо царинските стопи предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/70 и 22/70), ќе се применуваат следните царински стопи:

Тарифен број	Наименување	Царинска стопа
84.06	Мотори со внатрешно согорување, клипни	35
87.02/1а	Патнички автомобили во раставена состојба	45
87.04/1	Шасии со мотори за патнички автомобили	45
87.05/2	Каросерии за патнички автомобили	45
87.05/2	Каросерии (лимени школки) за патнички автомобили, без вградени делови, небојосани или бојосани и лакирани	35
87.06	Делови и прибор за патнички автомобили	35

2. Ако увозот на производите од точката 1 на ова решение не се врши по основ на договори за долгорочна производствена кооперација со странски фирми, на увозот на тие производи ќе се примени царинската стопа од 45%.

3. Стопанските организации — производители на патнички автомобили, што вршат увоз на производите од тарифните броеви: 84.06, 87.05/2 и 87.06, за кои е утврдена пониска царинска стопа од 35% кога увозот се врши по основ на склучени договори за долгорочна производствена кооперација со странска фирма, се должни на царинарниците кај кои се врши увозното царинење да депонираат еден примерок на заверениот препис на договорот за долгорочна производствена кооперација и кон секоја увозна декларација при царинењето да приложат писмена изјава дека увозот се врши врз основа на договор за долгорочна производствена кооперација и да го наведат бројот и датумот на договорот.

4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-6355/1
29 април 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

277.

Врз основа на членот 26 став 4 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), директорот на Сојузниот завод за цени издава

НАРЕДБА

ЗА ОБВРСКА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИЦИТЕ ЗА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

1. Производителските работни организации се должни да му ги доставуваат на Сојузниот завод за цени заради евидентирање ценовниците и за сите други индустриски производи за кои тоа веќе до сега не е определено со важечките прописи.

Од обврската за доставување на ценозниците се изземаат само следните групи производи:

1) музички инструменти;

2) часовници;

3) галантерија и други ситни изработки од сите видови; бижутерија, накит, украсни предмети и сл.;

4) козметички производи;

5) пиротехничка галантерија;

6) играчки;

7) позамантерија;

8 гумена конфекција;

9) кавовини;

10) мирудии.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 04-14/1
15 мај 1970 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за цени,
Никола Филиповиќ, с. р.

278.

Врз основа на членот 60а став 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69 и 55/69), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА КАМАТАТА ШТО СЕ ПЛАЌА ВО ДЕВИЗИ НА СРЕДСТВАТА СТАВЕНИ НА ДЕВИЗНИ СМЕТКИ И НА ДЕВИЗНИТЕ ШТЕДНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И НА ШТЕДНИТЕ ВЛОГОВИ ВО СТРАНСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ И ИСЕЛЕНИЦИТЕ-ПОВРАТНИЦИ

1. На средствата ставени на девизни сметки и на девизни штедни влогови на граѓаните се плаќа камата во девизи по стапка:

1) до 5½% годишно — на средствата по видување и орочени до една година;

2) до 7% годишно — на средствата орочени над една година.

2. По стапките од точката 1 на оваа одлука се плаќа камата во девизи и на штедните влогови во странски средства за плаќање на иселениците и иселениците — повратници.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на каматата што се плаќа во девизи на средствата ставени на девизни сметки на граѓаните и на штедните влогови во странски средства за плаќање на иселениците и иселениците — повратници („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/69).

4. Оваа одлука влегува во сила на 1 јуни 1970 година.

О. бр. 35
11 мај 1970 година
Белград

Гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Иво Перишин**, с. р.

РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 88 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67 и 50/69), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ПАТЕНТИ

Се разрешува од функцијата на помошник директор на Сојузниот завод за патенти инж. Мирко Конта.

Б. бр. 36
22 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

Врз основа на членот 17 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/65 и 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За советник на секретарот на Сојузниот извршен совет се назначува Звонко Луцић, до сега на должност во Државниот секретаријат за надворешни работи.

Б. бр. 35
17 април 1970 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за особени заслуги на делото за ширење на братството меѓу нашите народи и на создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите во текот на Народноослободителната борба

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Истарскиот партизански одред.

Бр. 63
3 мај 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

санитетските полковници: Албахари Леона Симха-Цила, Стефановиќ Рикарда Рикард;

за особени успеси во работата од особено значење за општествениот и научниот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

санитетските полковници: Блажевиќ Јурај Слава, Кучишец Стјепана Анѓелко, Рукавина Ивана Златко, Стеинер Милана Стјепан;

за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за особени успеси во раководењето со воени единици, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

поручникот на боен брод: Богдановиќ Мате Ќирил.

Бр. 65
3 мај 1968 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за особени заслуги и постигнати успеси на полето на општото образование и здравствено-социјалното воспитување на членовите на подмладокот на Југословенскиот црвен крст, како и за придонесот за ширење на братството и единството меѓу најмладите

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

„Подмладак" — лист на Југословенскиот црвен крст.

Бр. 75
6 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод стогодишнината на постоењето, а за особени заслуги во работата од значење за културното издигање на нашите народи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Библиотеката „Његош" — Цетиње.

Бр. 78
7 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за особени заслуги сторени на зближување и заемно запознавање на уметничкото творештво и културните придобивки помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Германската Демократска Република

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Max Seydewitz.

Бр. 88
23 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод педесетгодишнината на постоењето и работата, а за извонредни заслуги и постигнати значајни успеси во развојот на медицинската наука, во организацијата на модерната здравствена служба, во издигањето и оспособувањето на низа генерации здравствени работници со што е сторен посебен придонес за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Медицинскиот факултет во Загреб.

Бр. 81
10 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

261. Закон за ратификација на Спогодбата за гаранција помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој — — 637
262. Закон за мерките за извршување на претсметката на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година — — — — — — — — — — 640
263. Закон за претходно издвојување дел од зголемените приходи од сојузниот данок на промет на тутунски преработки во корист на сојузниот буџет за 1970 година 642
264. Закон за измена на Законот за издвојување дел од приходите од сојузен данок на промет и од царини во корист на сметката на федерацијата за инвестиции во стопанството — — — — — — — 642
265. Закон за дополнение на Законот за извршување на сојузниот буџет за 1970 година — — — — — — — — — 643
266. Закон за измена на Законот за Царинската тарифа — — — — — — — — 643
267. Закон за посебните девизни квоти за увоз на опрема за определени намени во 1970 година — — — — — — — — — 643
268. Одлука за Програмата за употреба на средствата предвидени во сојузниот буџет за 1970 година за унапредување на водостопанството — — — — — — — 644
269. Претсметка на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството за 1970 година — — — — — — — — — 645
270. Одлука за разрешување од должност и за именување заменик-генерален директор на Сојузниот завод за стопанско планирање — — — — — — — — — 647
271. Одлука за именување сојузен секретар за информации и заменик-сојузен секретар за информации — — — — — 647
272. Одлука за именување секретар за законодавство — — — — — — — — — 647
273. Одлука за давање потрошувачки кредити на лицата што претрпеле штета од поплавата на територииte на определени општини во СР Босна и Херцеговина — — 648
274. Решение за определување на царинскиот контингент и пониските царински стопи за увоз на суровини и репродукциони материјали за 1970 година — — — — — 648
275. Решение за измена на Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент — — — — — — — — — 649
276. Решение за определување пониски царински стопи за определени производи што се увезуваат за потребите на производителите на патнички автомобили во 1970 година — — — — — — — — — 649
277. Наредба за обврската за доставување на ценовниците за индустриски производи — 650
278. Одлука за височината на каматата што се плаќа во девизи на средствата ставени на девизни сметки и на девизните штедни влогови на граѓаните и на штедните влогови во странски средства за плаќање на иселениците и иселениците-повратници — 650

Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226 — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17